З А П И С Н И К

од триесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата

за електронски комуникации за 2026 година

Триесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 04.11.2026 година во 13:30 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити. На состанокот присуствуваше Директорот на Агенцијата за електронски комуникации Nusret Haliti.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Разгледување на Нацрт-Статут на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Разгледување на Извештајот за активностите утврдени во Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации во третиот квартал од 2026 година;
5. Барање за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, пред јавна расправа;
6. Барање за усвојување на Предлог-Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2027 година, која ги содржи планираните активности за наредната година и Финансискиот план за наредната година на Агенцијата за електронски комуникации, пред објавување на јавна расправа;
7. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесеттиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3 од дневниот ред, Комисијата го разгледа Нацрт-Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, на предлог од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации и се согласија за продолжување на постапката согласно законските прописи.

Во врска со точка 4 од дневниот ред, Комисијата го разгледа Извештајот за активностите утврдени во Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации во третиот квартал од 2026 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска точка 5 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, пред јавна расправа.

Во врска со точка 6, Комисијата едногласно даде согласност на Предлог-Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2027 година, која ги содржи планираните активности за наредната година и Финансискиот план за наредната година на Агенцијата за електронски комуникации, пред објавување на јавна расправа.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател_____

Анкица Трпковска, заменик претседател_____

Анѓелка Диневска, член_____

Насер Адеми, член_____

Д-р Адмирим Алити, член_____

Наш број 1102-39/2

Скопје 04.11.2026 година